Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-31/8
Датум: 11-03-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-633/1 од 26.08.2025 поднесена од ----- против ----- за извршена дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на здравствена состојба во областа на работата и работни односи од страна на ----- врз -----.

## Образложение

На 26.08.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација, од страна на подносителот ----- против неговиот работодавач -----, за извршена дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа на работа и работни односи.

Во претставката подносителот наведува дека во декември 2024 година неколку пати бил повикан на разговор кај неговите претпоставени, кои му давале "добронамерни" совети да поднесе барање за прераспределување од работно место ----- во -----. Со цел да не трпи повеќе притисоци и закани тој поднел барање да биде прераспределен на позиција -----. Подносителот наведува дека согласно неговата здравствена состојба, а врз основа на Известување и. бр. ----- од ----- и Наод, оцена и мислење на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година, неговото работно место не смее да биде поврзано со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа, заради спречување од настанување инвалидност. Спротивно на неговото барање, тој со решение ----- од ----- на ----- е распореден на работно место ----- каде врши оперативни и теренски работи и задачи. Подносителот наведува дека во предметното решение не е цитирана насоката на ФПИОСМ работното место да не е поврзано со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа заради спречување на настанување инвалидност. Во претставката се наведува дека ваквата насока е цитирана во претходно решение за распоредување на подносителот на работно место бр. ----- од -----, каде поради неговата здравствена состојба е распределен на работно место кое не е теренски. Двете решенија подносителот ги доставува во прилог на претставката. Тој вели дека неговата здравствена состојба е влошена и заради тоа ја поднесува претставката за заштита од дискриминација против неговиот работодавач врз основа на неговата здравствена состојба.

На 02.09.2025, согласно чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја достави претставката за произнесување до -----.

На 18.09.2025 до Комисијата беше доставен поднесок од ----- за произнесување по претставката на подносителот. Во поднесокот се наведува дека по однос на наводите за правење притисоци од страна на претпоставените лица врз подносителот за прераспределување, се извршени разговори од страна на надлежната организациска единица за внатрешна контрола со посочените лица и земени се Изјава бр. ----- од ----- и Писмено произнесување бр. -----од -----. Во изјавата и произнесувањето претпоставените лица на подносителот ги негирале наводите од претставката, а со оглед на тоа дека станува збор само за вербални обвинувања од подносителот, без материјални докази, а во ситуација кога има контрадикторност во изјавите на засегнатите страни, ----- вели дека не може да се утврди целата фактичка состојба.

Во однос на наводите од претставката за дискриминација врз основа на здравствена состојба со прераспределување на подносителот на ново работно место, не земајќи го предвид Наодот, оцена и мислење на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година во однос на здравствената состојба на подносителот и неговата намалена работна способност, во поднесокот се наведува дека подносителот бил распределен на новото работно место – ----- во ----- во -----, по негово лично барање. ----- во поднесокот наведува дека подносителот претходно бил распореден на работно место ----- на Одделение за ----- во -----. Подносителот на 16.12.2024 поднел барање бр. ----- со кое барал да се прераспредели на работно место ----- согласно потребите на -----, а во согласност и со неговата здравствена состојба. Во согласност со одредбите од Законот за ----- еден од начините на распоредување работник на друго работно место различно од она на кое работел е по негово барање.

Воедно, во поднесокот се наведува дека врз основа на чл. ----- од Законот ----- работниците на ----- имаат статус на овластени службени лица и помошно-технички службени лица. Во согласност со ст. ----- од истиот член овластените службени лица можат да бидат овластени службени лица за стручни работи, овластени службени лица за оперативни работи и овластени службени лица за аналитички работи. Работното место на кое претходно работел подносителот – ----- е со статус овластено службено лице за оперативни работи. Работното место на кое е распореден подоцна подносителот – ----- исто така е со статус овластено службено лице за оперативни работи, односно работно место на кое претходно бил распореден и работното место ----- имаат ист статус. Во продолжение на поднесокот се наведува дека при распределувањето на новото работно место предвид е земен Наод, оцена и мислење на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година, односно на работното место ----- не се извршуваат работни задачи кои се поврзани со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа. Воедно, во согласност со чл. 178, ст. 2 од Законот за работните односи на подносителот му е утврдено правото на надоместок на плата во висина на разликата меѓу платата од работното место ----- во износ од 1200

бодови и додаток на плата од 35%, на кое работел согласно Решение бр. ----- од -----, и платата на новото работно место – -----.

На 15.12.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено дополнување на претставката од подносителот. Во прилог на поднесокот за дополнување подносителот доставува А1 образец кој се поднесува до ФПИОСМ, а е издаден и заверен од -----. Во делот II од документот кој се однесува на описот на работите и работните задачи на кои е распореден и ги врши осигуреникот, во точка 2 – работи и работни задачи, стои податок дека подносителот врши теренски и оперативни задачи и работни активности. Во точка 7 од истиот дел која се однесува на условите за работа, стои податок дека подносителот работи и во надворешни временски услови, а во точка 8, која се однесува на физичка и психичка активност при вршење на работата, стои податок дека подносителот врши работи во движење, динамични работи и има интелектуална активност.

За целосно и точно утврдување на фактичката состојба и одлучување по предметот, а особено во однос на усогласеноста на работните задачи кои ги врши подносителот со Наодот, оцената и мислењето на ФПИСОМ, Комисијата, согласно чл. 30, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 08.01.2026 достави барања за доставување податоци до подносителот и -----, во кои ги побара следниве информации:

- Од денот на распоредувањето на подносителот на работното место ----- согласно Решението бр. -----од ----- година, колку вкупно оперативни задачи му биле доделени, поединечно и збирно?
- Дали подносителот во наведениот период извршувал теренски задачи, и доколку да: колку пати, во кој временски период, со кое времетраење поединечно?
- Дадете ни исцрпен опис на работните задачи кои подносителот фактички ги извршува на работното место -----, вклучително и дали истите имаат оперативен, аналитички, административен или комбиниран карактер. За секоја од наведените задачи, прецизирајте дали истата подразбира: тежок физички напор, дигање или носење тешки предмети, подолго одење, подолго стоење, работа надвор од службените простории (теренска работа).
- Дали за извршувањето на наведените задачи постојат интерни акти, оперативни планови, извештаи или други службени документи од кои може да се утврди нивната содржина и физичките барања што ги наметнуваат?
- Дали при распределувањето и при доделувањето на конкретните работни задачи е извршена индивидуална проценка на работното место во однос на здравствените ограничувања утврдени во Наодот, оцената и мислењето на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година, и доколку да – во кој документ истата е евидентирана?

- Дали и на кој начин ----- обезбедува континуирано усогласување меѓу здравствените ограничувања на подносителот и фактичките работни задачи кои му се доделуваат по распоредувањето?

На 21.01.2026 до Комисијата пристигна одговор од подносителот по цитираното барање за податоци. Во поднесокот за доставување податоци подносителот вели дека во неговото решение за распоредување е предвиден зголемен износ на средства наменети за плата за 30% за овластени лица за оперативни работи. Согласно член ----- од Законот за ----- овој додаток се засметува поради видот, природата и сложеноста на работите, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат на работниците на ----- со статус овластени службени лица. Зголемувањето од 30%, според подносителот е предвидено за извршување оперативни работи кои се извршуваат на терен, а во ----- служби не постојат оперативни работи кои не се извршуваат на терен, бидејќи самата природа на оперативните работи е теренска. Освен овие податоци, подносителот наведува дека не може детално да одговори на предметното барање за доставување на податоци од причина што тие податоци се класифицирани, но Комисијата може истите да ги побара од -----.

На 21.01.2026 до Комисијата пристигна одговор по цитираното барање и од -----. Во одговорот ----- вели дека бараните информации се со степен на класификација "СТРОГО ДОВЕРЛИВО" и потребно е Комисијата да ја извести ----- дали некој од членовите на Комисијата поседува безбедносен сертификат за пристап до класифицирани информации со степен на класификација "СТРОГО ДОВЕРЛИВО".

На 05.02.2026 Комисијата до ----- достави Поднесок за доставување безбедносен сертификат на членот на КСЗД, Лимко Бејзароски, информирајќи ја ----- дека членот Бејзароски поседува безбедносен сертификат со степен "ДРЖАВНА ТАЈНА" и има право на пристап до класифицирани информации со степен на класификација "СТРОГО ДОВЕРЛИВО".

На 19.02.2026 до Комисијата пристигна дополнителен поднесок за доставување на податоци од -----, со степен на класификација "СТРОГО ДОВЕРЛИВО". Овој поднесок беше обработен од страна на членот на КСЗД, Лимко Бејзароски, безбедносен сертификат со степен "ДРЖАВНА ТАЈНА" и има право на пристап до класифицирани информации со степен на класификација "СТРОГО ДОВЕРЛИВО". Во поднесокот ----- информира дека на подносителот му била дадена една работна задача надвор од службените простории на ----- во времетраење од 4 часа. Останатите работни задачи, согласно наводите од поднесокот, подносителот ги извршувал во службените простории на ----- и истите не подразбираат излегување на терен, физички напор, дигање или носење потешки предмети, односно подолго одење и стоење, а при доделувањето на задачите се има предвид Наодот, оценката и мислењето на ФПИОСМ бр. ----- од -----.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставката на подносителот, поднесокот за произнесување, дополнувањето на претставката и доставените податоци по барањата за доставување на податоци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека со прераспределувањето на подносителот на работното место -----, без цитирање во решението за распределување на насоката на ФПИОСМ работното место да не е поврзано со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа заради спречување на настанување инвалидност, е извршена дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи.

Имено, неспорно е дека подносителот сам побарал да биде распределен на моменталното работно место. Воедно, наводите од претставката дека трпел притисоци за да биде прераспределен на ново работно место, не ги поткрепува со никакви докази, па истите сами по себе не се доволни да го сторат тврдењето за дискриминација веројатно. Но, ----- и во случај кога подносителот сам побарал да биде прераспределен на ново работно место, неспорно еден од начините за распоредување на работник на друго работно место согласно Законот за -----, морала да ги земе предвид насоките од Наод, оцена и мислење на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година, неговото работно место не смее да биде поврзано со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа, заради спречување од настанување инвалидност. Од увидот во двете решенија за распоредување на подносителот на работно место ----- бр. ----- од ----- и самостоен инспектор за контраразузнавање бр. ----- од -----, неспорно е дека станува збор за работни места кои имаат ист статус – овластено службено лице за оперативни работи. Но, во двете решенија постои една клучна разлика, имено во образложението на решението за распределување на работно место -----бр. ----- од ----- цитирана е насоката од Наодот, оцената и мислењето на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година, со кои му се наложува на работодавачот работно место на подносителот да не биде поврзано со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа, заради спречување од настанување инвалидност. Од друга страна, во решението за распоредување на подносителот на работно место ----- бр. -----од ----- работодавачот пропуштил да ја наведе оваа насока. Со тоа се остава простор подносителот да биде задолжен да врши работи поврзани со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа, кои ја зголемуваат опасноста од настанување инвалидност. Ова, дополнително се потврдува и во А1 образецот, доставен во прилог на поднесокот за дополнување на претставката, кој е заверен и потпишан од -----, а во кој спротивно на тврдењата од поднесокот за произнесување, се наведува дека подносителот во рамките на работните задачи кои ги извршува има теренски задачи, работи во надворешни временски услови има движење и динамична работа. Дополнително, согласно податоците добиени од -----, на подносителот веќе еднаш му била доделена теренска работна задача во времетраење од четири часа. Иако станува збор за поединечен случај, самиот факт дека му била доделена теренска задача укажува дека со донесеното решение се остава реална можност и во иднина да му бидат доделувани теренски задачи. Таквата можност е во

спротивност со Наодот, оцената и мислењето бр. ----- од ----- година издадено од ФПИОСМ, со кои јасно се утврдени ограничувањата во однос на работните ангажмани на подносителот. Со овозможувањето и потенцијалното повторување на вакви задачи, се зголемува ризикот од влошување на здравствената состојба на подносителот и настанување инвалидност, што е спротивно на цитираниот медицински наод.

Со ваквото решение ----- му доверила на подносителот вршење на работи и работни задачи кои се во спротивност со Наодот, оцената и мислењето на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година и со кои ја зголемува опасноста од настанување на инвалидност кај подносителот. Односно, со ваквото решение ----- го ставила подносителот во понеповолна положба од останатите вработени, кои ги вршат истите работни задачи, но ги немаат здравствените дијагнози и здравствената состојба на подносителот. Воедно ваквото решение може да произведува и идна, повторена дискриминација кон подносителот.

**Со различниот понеповолен третман на подносителот во споредба со неговите колеги кои се наоѓаат во слична споредлива ситуација, заради неговата здравствена состојба, исполнета е законската дефиниција за директна дискриминација од чл. 8 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, која гласи дека *директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.***

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ----- да го измени и дополни решението бр. ----- од ----- со кое подносителот ----- е распореден на работно место ----- со ставање јасна одредба дека на подносителот нема да му се даваат работни задачи поврзани со тежок физички напор, дигање тешки предмети, долго одење и стоење и теренска работа заради спречување на настанување инвалидност, согласно насоките од Наодот, оцената и мислењето на ФПИОСМ бр. ----- од ----- година, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ----- во иднина да се воздржи од поведување и спроведување постапки и преземање дејствија со кои одредени работници би се ставиле во нееднаква положба во споредба со други работници, што би резултирало врз основа на нивната здравствена состојба или било која друга дискриминаторска основа.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -----
- -----